# Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ТЕОРИЈА НА ПОЕЗИЈАТА“ ОД ДОЦ. Д-Р РАНКО МЛАДЕНОСКИ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 2402-129/5 од 108. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 18 август 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
- проф. д-р Толе Белчев, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Практикум по теорија на поезијата“ од доц. д-р Ранко Младеноски**, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот од доц. д-р Ранко Младеноски со наслов „Практикум по теорија на поезијата“, понуден како прирачник за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, се однесува на предметот Поетика во седмиот семестар, со неделен фонд на часови од 1+1+1, наменет за студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Покрај тоа, овој наставен прирачник ќе им биде од полза и на студентите од другите катедри на Филолошкиот факултет во Штип (Англиски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност) кои го следат курсот Теорија на книжевност како изборен предмет, затоа што поетиката (сфатена како теорија на поезијата) е научна поддисциплина во рамките на теоријата на книжевноста. За приложениот ракопис од доц. д-р Младеноски може слободно да се каже дека е во согласност со Предметната програма за курсот Поетика, а авторот на почетокот од Практикумот ја нуди Предметната програма според која е структурирана наставната материја во овој труд. Од вака понудената Предметна програма и од содржината на ракописот е очигледно дека авторот се придржувал стриктно до Наставната програма предвидена за курсот Поетика.

Прирачникот „Практикум по теорија на поезијата“ од Ранко Младеноски содржи 122 страници, А4 формат, на кои се распределени следните прилози: четири интерпретативни (апликативни) текстови како илустрација за анализа на конкретни стихувани книжевно-уметнички дела; 133 прашања и задачи во чии рамки се применети 42 табели и 7 дијаграми; 120 колоквиумски прашања (60 + 30 + 30) што се однесуваат на сите методски единици од курсот *Поетика*; речник на термини; библиографија. Според обемот и содржината, а и според бројот на часовите за предметот Поетика, овој Практикум ги задоволува сите услови предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во однос на прашањето за бројот на прилозите, особено треба да се истакне рамномерната распределба на табелите и дијаграмите во двата дела на овој Практикум коишто се составени од прашања и задачи.

Овој ракопис на Младеноски („Практикум по теорија на поезијата“) е работен врз основа на веќе објавената рецензирана скрипта со наслов „Теорија на поезијата“ во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2014 година и врз основа на специфичната Предметна програма за курсот Поетика до која авторот принципиелно

се придржувал. Токму затоа, ракописот „Практикум по теорија на поезијата“ претставува оригинален прирачник што ќе ги упати студентите во специфичните креативни приоди кон интерпретацијата на секое стихувано книжевно дело и во кој студентите ќе треба да ги покажат стекнатите знаења за дијахронијата на поезијата и за позиционираноста на поезијата во литературата, но и да ја демонстрираат стекнатата умешност во креативното интерпретирање на поезијата потпирајќи се најмногу врз веќе усвоените знаења од областа на теоријата на поезијата. Исто така, Практикумот ќе ги насочи и ќе ги поттикне студентите кон сеопфатно и солидно совладување и применување на книжевно-теориските техники за анализа на поезијата, како и кон една темелна подготовка на двата писмени колоквиуми и на завршниот устен испит по предметот *Поетика*, а во исто време ќе им ги прошири и ќе им ги продлабочи на студентите знаењата од областа на теоријата на поезијата. Оттаму и неопходноста од објавувањето на еден ваков наставен прирачник што ќе има голема улога во совладувањето на методските единици што се предвидени со Предметната програма за мошне сложената материја од теоријата на поезијата, односно за курсот *Поетика*.

Сета материја во *Практикумот* е распределена во четири поглавја:

1) Прв дел: Теориско-поетски апликации;
2) Втор дел: Основи на поезијата (проверка);
3) Трет дел: Структури на поезијата (проверка);
4) Четврти дел: Колоквиумски прашања.

Во првото поглавје со наслов „Теориско-поетски апликации“ се дадени четири интерпретативни (аналитички, апликативни) текстови во кои се илустрираат методите за анализа на конкретни поетски дела. Станува збор, имено, за следните текстови: „Транстекстуалноста во поезијата на Блаже Конески“; „Интерференција на поетски структури – Конески vs Рацин“; „Поетските визии на Петре Бакевски“ и „Метафорично-метонимиски деконструкции“. Овие текстови претставуваат анализа на поезија од автори што припаѓаат на различни стилски формации што, секако, ќе ги упати студентите во специфичните креативни приоди кон интерпретацијата на секое стихувано книжевно дело. Второто поглавје „Основи на поезијата (проверка)“, како и третото поглавје „Структури на поезијата (проверка)“ од овој прирачник на Младеноски се составени од конкретни прашања и задачи поврзани со историјатот на поезијата, местото на поезијата во литературата и со толкувањето на поезијата. Целта на овие две поглавја од *Практикумот* е студентите да ги покажат стекнатите знаења за дијахронијата на поезијата и за позиционираноста на поезијата во литературата, но и да ја демонстрираат стекнатата умешност во креативното интерпретирање на поезијата користејќи ги веќе усвоените знаења од областа на теоријата на поезијата. Во четвртото поглавје се приложени сто и дваесет колоквиумски прашања од трите вида (60 + 30 + 30, односно 60 прашања со заокружување на еден точен одговор од три можни, 30 прашања со дополнување на еден или неколку збора и 30 прашања со текстуален одговор на поставеното прашање) со кои се опфатени сите методски единици од конкретната Предметна програма за курсот *Поетика*. Со овој сегмент од прирачникот основната наставно-методска цел на авторот е да ги насочи и да ги поттикне студентите кон сеопфатно и солидно совладување и применување на техниките за анализа на поезијата, како и кон една темелна подготовка на двата писмени колоквиуми и на завршниот устен испит по предметот *Поетика*. Покрај сето ова, во *Практикумот* е приложен и *Речник на термини* којшто, за разлика од веќе објавениот во скриптата „Теорија на поезијата“, е дополнет со бројни лексикографски единици од поетолошка, но и од една поширока книжевно-теориска провиниенција. Овој *Речник* ќе им ги прошири и ќе им ги продлабочи на студентите знаењата од областа на теоријата на поезијата, а аналогна цел има и придружната *Библиографија* дадена на крајот од овој *Практикум*.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот на доц. д-р Ранко Младеноски со наслов „Практикум по теорија на поезијата“ што е понуден за објавување како рецензиран наставнообразовен прирачник (практикум) претставува мошне сериозно изработен методски и методолошко-апликативен труд во кој на еден системски начин се понудени практичните, прагматските аспекти на теоријата на поезијата со помош на интерпретативни трудови (во првиот дел од *Практикумот*), но и преку концизно осмислени и приложени прашања и задачи од областа на теоријата на стихотворната книжевност. Овој *Практикум* во голема мера ќе им помогне на студентите во совладувањето на сложената материја од теоријата на поезијата, како и во проверката на веќе стекнатите знаења и вештини за интерпретација (анализа, толкување) на полисемичноста на поетскиот дискурс. Приложените 120 колоквиумски прашања, пак, со кои е опфатена целосната материја од Предметната програма по курсот *Поетика* ќе ги насочи студентите кон најефективните методи за подготвување на двата колоквиума и на завршниот испит за овој предмет.

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на прирачникот со наслов „Практикум по теорија на поезијата“, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на доц. д-р Ранко Младеноски во целост ги исполнува критериумите за објавување на наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензиран практикум по предметот *Поетика*.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**

**Проф. д-р. Толе Белчев, с.р.**